





ЦеПроСАРД

# 2023

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ



info@ceprosard.org.mk
www.ceprosard.org.mk

Април 2024

# СОДРЖИНА


1. ВИЗИЈА, МИСИЈА И РАЗВОЈ ... 3
2. ЦЕЛИ ... 4
3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ... 5
4. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2023 ... 8

4.1 СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА ... 8

Одделение за поддршка на лица со посебни потреби ... 8

4.2 ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ ... 12

Одделение за претприемништво ... 12

4.3 ЕНЕРГИЈА И КЛИМА ... 15

Одделение за ОИЕ ... 15

Одделение за енергетска ефикасност ... 20

Проект: „Енергетска ефикасна изградба и реновирање во Западен Балкан“ ... 20

4.4 ЖИВОТНА СРЕДИНА ... 21

Консултантски активности ... 21

Локален Еколошки Акционен План за потребите на Општина Ѓорче Петров ... 21

4.5 ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ ... 23

Консултантска активност ... 23

Соработка со бизнис секторот од источниот плански регион, преку обуки за комуникациски вештини ... 23

5. КОМУНИКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ ... 24
6. ОБУКИ И УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ... 25
7. ВМРЕЖУВАЊЕ ... 29
8. ПАРТНЕРСТВА И СОРАБОТКА ... 30

Тимот на ЦеПроСАРД - дел од жири комисијата на Кампот за иновации ... 30

9. ФИНАНСИИ И АДМИНИСТРАЦИЈА ... 31

9.1 АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ... 31

9.2 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ ... 32

БИЛАНС НА СОСТОЈБА ВО 2023 ГОДИНА ... 32

БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ВО 2023 ГОДИНА ... 33

СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО 2023 ГОДИНА ... 33

# 1. ВИЗИЈА, МИСИЈА И РАЗВОЈ

Центарот за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој (ЦеПроСАРД) е невладина, непартиска и непрофитна организација која дејствува на целата територија на земјата. Организацијата е основана во 2008 година на иницијатива на група граѓани – професионалци од областа на земјоделството и руралниот развој, заштитата на животната средина, техничките и економските науки, кои ја идентификуваа неопходноста од комплексни општествени промени во поддршка на зачувувањето на животната средина и ублажувањето на климатските промени, со фокус на одрживиот развој.

### *Визија*

Визијата на ЦеПроСАРД е да бидеме професионален и сигурен партнер во креирањето и имплементацијата на политиките за постигнување на целите за одржлив развој на регионално, национално и локално ниво, како ефективен начин за да се направат трансформациски промени кои придонесуваат за создавање подобро општествено опкружување за идните генерации.

### *Мисија*

Нашата мисија е изградба на инклузивно, одржливо и просперитетно општество преку активно вклучување на граѓаните во создавањето, спроведувањето и оценката на јавните политики за одржлив раст и развој.

### *Развој*

Стратешки цели на организацијата се: промовирање на инклузивно, партиципативно и репрезентативно планирање на одржливиот развој втемелено на меѓународните стандарди за човекови права; и промовирање на механизми за соработка и партнерство кои обезбедуваат ефективо учество на граѓаните во креирање, имплементација и евалуација на јавните политики за одржлив развој на регионално, национално и локално ниво.

## 2. ЦЕЛИ

Здружението на граѓани ЦеПроСАРД се стреми кон постигнување на следниве цели:

- Подобрување на капацитетите за дијалог, соработка и партнерство помеѓу граѓанското општество и јавните институции со цел да се придонесе во имплементацијата на Агендата 2030 за одржлив развој, овозможување и олеснување на меѓу-секторни партнерства;
- Промоција на поширок граѓански ангажман во процесот на креирање политики и реформскиот процес, што ќе придонесе за одржлив развој на секторот животна средина и справување со климатските промени и ќе има клучно влијание врз животот на граѓаните;
- Подобрување на локалниот и на регионалниот развој во земјата и пошироко на териториите на соседните земји;
- Поддршка и развој на социјалното претприемаштво и олеснување на пристап до пазарот на труд на ранливи категории граѓани и последиците што ги носат долгорочната невработеност како и градење капацитети на организации кои делуваат во овој домен;
- Поддршка на процесот на дигитализација во контекст на целите за одржлив развој;
- Промоција и воведување на одржливи практики во развојот на руралните области и во развојот на земјоделството и производството на храна;
- Промовирање на можностите за искористување на обновливите извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност секаде каде што е тоа возможно;
- Заштита на животната средина во согласност со начелата на одржлив развој;
- Заштита на природата;
- Митигација и адаптација кон климатските промени и заложби за нивното намалување;
- Зачувување на културното наследство;
- Интегрирање на трансверзалните теми на родови прашања, ранливи и маргинализирани групи, лица со посебни потреби во сите области на нашето делување.

# 3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ

Здружението „Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој“ (ЦеПроСАРД) од Скопје дејствува преку следните органи:

- Собрание
- Советодавно тело
- Надзорен одбор
- Извршен одбор
- Извршен директор

***Организациска шема на ЦеПроСАРД***




### *Собрание*

Собранието го сочинуваат дваесет члена. Членовите дејствуваат како активни, придружни и почесни членови.

### *Извршен одбор*

Извршниот одбор, како извршен орган составен од активните членови на здружението, во 2023 година работеше во тричлен состав.

### *Советодавно тело*

Советодавното тело се избира од редот на експерти од соодветните области, како стручна помош за тековното работење на здружението или во согласност со потребите на проектите кои се имплементираат.

### *Надзорен одбор*

Надзорниот одбор како орган на Собранието е составен од тројца активни членови, експерти од областите на делување на здружението:

### *Извршен директор*

Извршниот директор на ЦеПроСАРД, м-р Светлана Петровска, заедно со тимот во ЦеПроСАРД во 2023 година учествуваше во реализацијата на проектите и активностите на локално, регионално и национално ниво согласно годишната Програма и долгорочната Стратегија на ЦеПроСАРД. Во овој тим беа вклучени:

- м-р Светлана Петровска, дипл. град. инженер
- д-р Марина Филипоска, агробизнис и бизнис администрација
- м-р Ивана Петкановска, дипл. инж. архитект
- м-р Теа Тевева, дипл. економист
- Александар Авросиевски, град. инженер
- Сања Трпковска, дипломиран правник по меѓународно право и меѓународни односи
- м-р Ивана Топаловска Јовичиќ, дипл. инж. архитект
- Искра Кацарска, дипл. економист
- д-р Ристо Иванов, дипл. економист
- Игор Панчевски, дипл. електро инженер
- м-р Али Дамаџиќ, дипл. електро инженер
- д-р Ориана Ханџари, дипл. географ
- м-р Шенд Бошњаку, дипл. енергетски менаџер

ЦеПроСАРД во 2023 година работеше со седум редовно вработени лица и тоа: магистер по архитектура и одржлив дизајн – дипломиран инженер архитект (ИП), магистер од областа на проектен менаџмент – дипломиран економист (ТТ); дипломиран правник по меѓународно право и меѓународни односи (СТ), дипломиран инженер архитект (АЃ); дипломиран архитект со специјалност во областа на просторното планирање (ИТЈ); дипломиран економист од областа на е-бизнис (ИК) и еден градежен инженер (АА).

Останатите работно ангажирани лица работеа на волонтерска база, или како надворешни соработници ангажирани по договор на услуга во одредени области и по одредени проекти. Надворешните соработници, беа ангажирани како поединци или стручни тимови на експерти, во зависност од тековните и планираните активности во областа на заштитата на животната средина, агробизнис и бизнис администрација, економските науки, техничките науки (електро и машински инженери) итн.

Реализацијата на задачите се спроведува согласно следната структура по сектори:

i. ***Сектор за заштита на животната средина***
   - одделение за природа;
   - одделение води и отпад;
   - одделение за индустриско загадување и ризик.

ii. ***Сектор за енергија и клима***
   - одделение  за енергетска ефикасност;
   - одделение  за обновливи извори на енергија;
   - одделение за енергетска контрола.

iii. ***Сектор за локален развој***
   - одделение за претприемништво;
   - одделение за културно наследство;
   - одделение за туризам.

iv. ***Сектор земјоделство и рурален развој***
   - одделение за земјоделство;
   - одделение за рурален развој.

v. ***Сектор за социјална инклузија***
   - одделение за родова еднаквост;
   - одделение за поддршка на лица со попреченост;
   - одделение за поддршка и вклучување на млади и поттикување на волонтерство.

vi. ***Финансии и администрација***
   - одделение за финансиско управување;
   - одделение за администраттивни работи и човечки ресурси.

vii. ***Комуникација и информирање***

ЦеПроСАРД во 2023 година работеше на реализација на и финализирање на повеќе проекти, но и како организација - консултант на приватниот и јавниот сектор.

# 4. РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2023

## 4.1 СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА

### 4.1.1 Одделение за поддршка на лица со посебни потреби

### Проект: Заедно за повеќе можности и поддршка – ТИМОР

***Опис на проектот:***

Главната цел на проектот е да го овозможи спроведувањето на процесот на деинституционализацијата на лицата со попреченост од резиденцијални институции во единици за живеење со поддршка во заедницата, преку обезбедување на иноватини социјални услуги. Проектот ќе придонесе кон подобрување на условите на живеење на лицата со посебни потреби кои живеат во резиденцијални институции, преку нивно раселување во единици за живеење со поддршка во заедницата; ќе ги зајакне капацитетите на стручните лица кои нудат социјална грижа и нега, како што се асистенти за поддржано живеење, ќе воведе иновативни социајлни услуги во заедницата за активна инклузија на лицата со попреченост во општеството и ќе ја зголеми јавната свест за прифаќање и активно вклучување на лицата со попреченост во општествениот живот.

***Специфични цели:***

- ✓ Воспоставување на услови за процесот на деинституционализација;
- ✓ Раселување на лица со попреченост во во единици за живеење (домување) со поддршка во заедницата;
- ✓ Обезбедување иновативни социјални услуги за активна инклузија на лицата со попреченост во општеството;
- ✓ Подигање на јавната свест за предностите на процесот на деинституционализација и вклучување на лицата со попреченост во општествениот живот

***Целна група и крајни корисници:***

Лицата со попреченост и нивните семејства, единици за локална самоуправа, национални институции и ГО кои работата во областа на социјалните аспекти.

***Активности:***

- АК ПМ. Проектен менаџмент и координација;
- АК1. Воспоставување услови за процесот на деинституционализација на лицата со попреченост;
- АК2. Обезбедување на услуги за живеење со поддршка во заедницата;
- АК3. Обезбедување на иновативни социјални услуги засновани на заедницата;
- АК4. Промоција и дисеминација на проектните активности и резултати

***Очекувани резултати:***

- Р1. Оформени единици за живеење со поддршка во заедницата, зголемено знаење и капацитети на стручни лица - асистенти за поддржано живеење на лица со попреченост, како и подготвени лица со попреченост за процесот на деинституционализација;
- Р2. Раселени корисници од резиденцијални институции во единици за живеење со поддршка во заедницата;

- Р3. Развиени и имплементирани иновативни специјализирани индивидуални услуги преку окупациона хортикултурна терапнија;
- Р4. Зголемена јавна свест за предностите на процесот на деинституционалнизација на лицата со попреченост и нивна активна инклузија во општествениот живот

## ***Партнери на проектот:***

- Центар за промоција на земјоделски практики и рурален развој - ЦеПроСАРД;
- Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија;
- ЈУ Специјален Завод Демир Капија;
- Општина Демир Капија;
- Фондација Лоза, Шведска

Проектот се спроведува во рамките на Акциската програма на ЕУ за поддршка во образованието, вработувањето и социјалната политика, ИПА II 2017.

Период на спроведување на проектот**:** 02.01.2020 – 01.05.2023 година

## ***Клучни постигнувања во изминатиот период:***

Во рамки на проектот „Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР", финансиран од Европската Унија работевме кон овозможување на создавање услови за процесот на одржлива деинституционализација и воспоставување на социјални услуги во заедницата низ целата земја и подобрување на социјалниот статус на лицата со попреченост кои живеат во нашата заедница. По 40 месечна имплементација, активностите ги завршивме во мај 2023 година, со реализација на сите поставени цели.

Во периодот од јануари до мај 2023 година, проектниот тим по реализираната преселба на 50 лица од ЈУ Специјален Завод Демир Капија посебно внимание обрна на воспоставување на иновативни услуги во заедницата, односно имплементација на окупационо-хортикултурна терапија за сите преселени корисници.

Во раната пролет, ангажираниот тим составен од земјоделски експерт од Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје и агрономот при ЈУ  Специјален Завод Демир Капија извршија обработка на доделениот дел од земјиштето во Депандансот во ЈУ  Специјалнен Завод Демир Капија. Земјиштето потоа беше посадено со ароматични билки – лаванда и босилек од страна на неколку работници и преселените корисници. Сите хориткултурни активности (садење, одгледување, наводнување, итн.) на ароматичните билки на полето се спроведуваа од страна на корисниците преселени станбените единици за живеење со поддршка под раководство на ЈУ СЗ Демир Капија, воспоставени во времетраењето на проектот, со директна вклученост и организираност на течението на активностите од страна на лице за стручна поддршка и координаторите на станбените единици. Лековити билки – лаванда, жалфија и рузмарин беа обезбедени и за земјиште во сопственост на приватниот давател на социјални услуги – живеење со поддршка во заедницата - Здружението на лица со церебрална парализа и други попречености – Велес. Ги користевме терапевтските бенефити и цели на хортикултурните активности како придобивки од природата. Покрај ангажманот на поле, во сите 10 домови отворени во рамки на проектот, беа посадени сезонски цвеќиња од асистентите и корисниците, со што придонесуваме кон активна рехабилитација на нашите корисници преку хориткултурни – окупациони активности и по завршување на проектните активности.

Во текот на месец април, за 10те отворени станбени единици за живеење со поддршка во заедницата обезбедивме мали спортски реквизити наменети за рехабилитациски активности, самостојно и со физиотерапевтите во домовите. За сите домови исто така беа обезбедени медицински помагала, електрични дигалки, облека, опрема за домот и останати реквизити за олеснето функционирање на стручниот кадар и подобра нега за преселните корисници.

Во последната недела на месец април, непосредно пред завршување на проектот, во просториите на Национална и универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски" во Скопје го одржавме и Завршниот настан на проектот, на кој направивме приказ на изминатите 40 месеци на посветена работа, значајноста

на процесот на деинституционализација во државата, постигнатите проектни резултати, тековната состојба на воспоставените станбени единици за живеење со поддршка во заедницата, како и дополнителен развој на социјални услуги во Република Северна Македонија и препораки за идните предизвици. Почесни говорници на настанот беа Г-дин Нафи Сарачини, претставник од Европската Делегација, г-ѓа Дрита Аслани, претставник од Министерството за труд и социјална политика (МТСП), а свое завршно обраќање со заклучоци од проецесот даде г-дин Владимир Лазовски од СОС Детско село. Со постигнатите резултати, проектот придонесе кон подобрување на условите за живеење на лицата со попреченост преку нивна преселба во станбени единици за живеење со поддршка во заедницата, истовремено ги зајакна капацитетите на стручни лица кои нудат социјална грижа и нега со соодветни обуки и успешно инкорпорираше иновативни социјални услуги во заедницата – окупациона-хортикултурна терапија. На настанот, направивме и проекција на документарното видео изработено во рамки на проектот, отсликувајќи ги позитивните промени направени во изминатите три години. Како дел од промотивните активности на проектот, беше публикувана и Монографијата – „Заедно за повеќе можности и поддршка”.

Во текот на целокупното времетраење на проектот, се стремевме кон сеопфатна инклузија преку подигнување на јавната свест за прифаќање и активно вклучување на лицата со попреченост во сите апсекти на општествениот живот.  Изразуваме огромна благодарност до проектните партнери и сите останати вклучени лица и чинители кои дадоа поддршка и свој значаен придонес во успешна реализација на овој проект кој донесе многу позитивни промени во општеството.



***Слика 1*** *- Работен состанок со избраните консултантки за изработка на публикацијата – Монографија „Заедно за повеќе можности и поддршка – јануари 2023*



***Слика 2*** *- Промоција на проектот во редурсен центар „д-р Златан Сремец” на настан во рамки на проектот Adapted Accessibility for ALL – февруари 2023*



***Слика 3*** *– Дел од терапевтските активности во воспоставените станбени единици за живеење со поддршка во заедницата од страна на проектот – март 2023*



***Слика 3*** *– Дел од терапевтските активности во воспоставените станбени единици за живеење со поддршка во заедницата од страна на проектот – март 2023 Депанданс во ЈУ СЗД*



***Слика 4** – Дел од терапевтските активности во воспоставените станбени единици за живеење со поддршка во заедницата од страна на проектот – март 2023 Демир Капија*



***Слика 5** – Дел од окупационите хортикултурни активности во воспоставените станбени единици - април 2023 Демир Капија*





***Слика 6 и 8** - Завршен настан на проектот „Заедно за повеќе можности и поддршка – ТИМОР“, простории на Национална и универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ во Скопје 26.04.2023*

## Дополнителни активности

### ЦеПроСАРД – верифицирана организација за вршење на обуки на асистенти за живеење со поддршка во заедницата

Во текот на претходната година успешно го комплетиравме процесот на верификација на институција за образование на возрасните „Едукативен центар за стручно оспособување и кариерен развој” - ЦЕПРО ЕДУ ДООЕЛ - Скопје. Во 2023 година започнуваме со програма за едукација на идните асистенти за давање на услугата живеење со поддршка на лицата со попреченост, преку верифицирана програмата за едукација во Центарот за образование на возрасни - ЦОВ.

## 4.2 ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ
### 4.2.1 Одделение за претприемништво

### Проект: Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот - Не оставај никој зад себе

***Опис на проектот:***

Општа цел на проектот за поддршка на развојот на нови и постоечки социјални претпријатија за подобрување на нивната економска независност преку следење на принципот „не оставај никој зад себе" е да ги подобри оперативните капацитети и одржливоста на постојните и новите социјални претпријатија и да создаде нови работни места за лицата од ранлива категорија граѓани и млади невработени лица.

Проектот ќе придонесе за поволни услови за работа на социјалните претпријатија, преку поддршка за основање нови и подобрување на оперативниот капацитет на најмалку 6 социјални претпријатија, а воедно ќе поддржи ново вработување на најмалку 9 лица од ранливи групи (лица со попреченост, жени во ризик и долгорочно невработени). Со оглед на потребите и ограничувањата на државно ниво, главните ограничувања во државата се недостатокот на знаење и свест за социјалното претприемништво и недостатокот на соработка помеѓу социјалните претпријатија, јавните институции и приватниот сектор.

***Специфични цели:***

- ✓ Поддршка за основање нови и развој на постојни социјални претпријатија за да се обезбеди одржлив економски раст и да се подобри квалитетот на нивните услуги и производи;
- ✓ Подршка на вработувањето на ранливите групи граѓани со што се создаваат нови и одржливи работни места следејќи го принципот – „не оставај никој зад себе";
- ✓ Воспоставување на соработка меѓу социјални претпријатија / граѓански организации, локалните бизниси и општините да го стимулираат зелениот економски раст, заштитата на животната средина и да ги подобрат социјалните услуги и нивното вмрежување;
- ✓ Подигнување на јавната свест за предностите на развојот на социјалните претпријатија и вклучување на ранливите групи во заедницата;

Целна група и крајни корисници на проектот се социјални претпријатија/граѓански организации кои се ангажирани во оваа област, социјално ранливи лица (лица со посебни потреби, жени во ризик и долгорочно невработени) и нивните семејства, локални бизниси, општини и национални владини институции.

Имплементацијата на проектот е организирана во следните **работни пакети на активности**:

- РП0. Почетна фаза;
- РП1. Поддршка на социјалните претпријатија и вработувања;
- РП2. Поддршка за вработувања на ранливи групи;
- РП3. Соработка помеѓу социјални претпријатија / граѓански организации, локални бизниси и општини;
- РП4. Промоција и дисеминација на проектните активности и резултати;

***Очекувани резултати*** кои се очекува да се постигнат со проектот се:

- Р0. Успешно спроведени проектни активности и координација со релевантните чинители;
- Р1. Поддржани социјални претпријатија и подобрен квалитет на нивните услуги и производи за стабилен економски раст;
- Р2. Поддржано вработување на ранливи групи граѓани и лица со попреченост следејќи го принципот

„Не оставај никој зад себе“;

- Р3. Стимулиран зелен економски раст, заштита на животната средина и подобрени социјални услуги преку воспоставена плодна соработка и вмрежување помеѓу социјални претпријатија/социјални граѓански организации, локалните бизниси и општините;
- Р4. Подигната јавна свесност за предностите од развојот на социјални претпријатија и вклучувањето на ранливите групи граѓани и лицата со попреченост во заедницата;

Период на имплементација на проектот: 01.12.2021 - 30.09.2023 (22 месеци)

Проектот е финансиран од Европската Унија.

## ***Промоција на проектните активности:***

Во првото тромесечие од 2022 година, проектот „Поддршка на социјалните претпријатија преку следење на принципот – ‘Не оставај никој зад себе’”, како дел од подготвителните активности, проектниот тим оствари средби со повеќе институции, општини, претставници на граѓански здруженија и бизнис секторот, со цел да оформи консултативно тело - Насочувачки Комитет на проектот од релевантни претставници на чинители кои имаат интерес за развивање на социјалното претприемништво во државата. Исто така, одржани беа состаноци со претставници на повеќе институции и организации на кои беа потпишани 10 меморандуми за соработка со цел вмрежување и взаемна поддршка помеѓу социјалните претпријатија, бизнис секторот, локалната самоуправа, национални институции и здруженија на граѓани.

Во Центарот за поддршка на социјалните претпријатија во мај беше одржана *тркалезна маса со тематика „Предизвици и можности за развој на социјалната економија во Република Северна Македонија”* како дел од активностите кои имаат за цел да ги поддржат социјалните претпријатија и да изнајдат решенија за задоволување на нивните потреби, зголемување на нивниот оперативен капацитет, одржливост, пристап до пазарите и зелената економија, притоа поддржувајќи го зголемувањето на вработувањето на ранливите групи на луѓе, со што ќе придонесе за нивната социјална и професионална реинтеграција.

Со цел подобрување на целокупните капацитети на потенцијалните и постојните социјални претпријатија и дефинирање на нивните специфични потреби е во јуни 2023 година беше публикуван документот - *Проценка на потребите и капацитетите на Социјалните Претпријатија*. Целта на проценката е да помогне во мапирањето на праксите во однос на поставеноста и значењето на општествената димензија, економската димензија и доброто управување во идентификуваните de facto социјални претпријатија, вклучувајќи и проценка на нивниот интерес да се трансформираат во социјални претпријатија во случај на донесување на законска рамка која би го регулирала работењето на овој сектор. Истовремено проценката дава преглед за потребите на различните модели на de facto социјални претпријатија за грантови, како и оценка на нивните капацитети за создавање проектни апликации.

Во јули 2022 беше објавен отворен *повик за доделување грантови за поддршка за развој на нови и постојни социјални претпријатија*, со цел да поддржи ентитети кои делуваат на претприемачки начин, создават иновативни и неконвенционални решенија за тековните општествени предизвици, креираат вредност за општеството и за сите засегнати страни.

По завршување на јавникот повик и евалуација на пристигнатите апликации, беа одбрани *6 организации* - добитници на грантови. Во текот на месец октомври беа потпишани договори со 6-те избрани организации: Друштво за производство, трговија и услуга ВАЈС Груп ДООЕЛ Скопје - проект: Трансформирање на конвенционалните синџири на снабдување на винариите во циркуларни; Аквапоника ДООЕЛ Увоз Извоз Скопје, проект - Селото за градот, градот за селото; Здружение за заштита на животна средина и едукација на деца и млади ЕКО ЛАЈФ Гевгелија, проект - Вработување на ранливи групи граѓани во производство на еко плочки за надворешна употреба и воспоставување на систем за правилно управување со отпадна пластика и негово одржување; Рурална Коалиција, проект - Економско и социјално јакнење на жените од руралните средини преку создавање на трајни пазарни врски; Хуманитарно здружение за помош и поддршка на лица со посебни потреби „Бравура Кооператива“ - Делчево - проект „Клуб за професионална

рехабилитација и социјална инклузија 'Интегра"; Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ) - проект ПОГОН – уникатна платформа.

Проектната единица за имплементација активно соработуваше со регрантираните организации во текот на спроведувањето на проектните активности и во текот на целосната имплементација на проектните апликации вршеше увид и мониторинг на работата, како и поддршка за нивно спроведување. Преку активностите за промоција и дисеминација на проектот, беше креирана веб-страница https://www.posop.mk наменета за информирање за тековните случувања, добри практики споделени од страна на 6-те регрантирани социјални организации, преземање корисни документи изработени во рамки на проектот и новости во однос на полето на социјално претприемништво.

Во текот на времетраењето, проектот овозможи и јакнење на организациски капацитети на регрантираните организации преку 7-месечни обуки по мерка согласно нивните потреби во областите: Дигитален Маркетинг, Енергетска Ефикасност и Обновливи извори на енергија, и Заштита на животната средина, како и зголемување на нивните капацитети преку поддршка на вработувањето на 12 лица од ранливите категории, со цел нивна социјална и професионална реинтеграција во општеството.

На завршниот настан беше даден приказ на постигнатите проектни резултати и значајноста на социјалните претпријатија во земјата.

Проектот работеше на подобрување на социјалното претприемништво и унапредување на социјалните претпријатија во земјата преку поддршка и вработување на ранливите групи граѓани. На настанот, учесниците имаа можност да ги погледнат успешните проектни активности на ре-грантираните организации, како и беше направена изложба на нивните производи.



***Слика 9*** *- тркалезна маса „Предизвици и можности за развој на социјалната економија во Република С. Македонија"*




***Слика 10*** *– Мониторинг средба на регрантирана организација Рурална Коалиција*



***Слика 11*** *- Средба со претставници на од локалната самоуправа – општина Крушево*



***Слика 12*** *– Теренска посета на регрантирана организација Аквапоника*



***Слика 13*** *– Завршен настан – честитки за успешно изведениот проект од проектната единица за имплементација и претставникот на ЕУД г-н. Миха Пецељ за регрантираните организации*




***Слика 14*** *- Завршен настан – благодарност за успешно изведениот проект од проектната единица за имплементација и претставникот на ЕУД г-н. Миха Пецељ за организациите што овозможија вработување на лица од ранливи категории*

## 4.3 ЕНЕРГИЈА И КЛИМА
### 4.3.1 Одделение за ОИЕ

**Проект: „Зелена топлина - воведување на ефикасна услуга за централно греење, ориентирана кон корисниците, базирана на обновливи извори на енергија“**

***Опис на проектот:***

Општата цел на проектот е да се воспостави модел на одржливи практики за греење во одредено урбано подрачје, кој се карактеризира со широко распространета примена на енергетски ефикасни топлински пумпи воздух - вода, намалување на јаглеродните емисии и потрошувачката на енергија и негување на одржлива енергетска култура во целата заедница.

***Специфични цели:***

- ✓ Да се спроведе инсталација на топлински пумпи воздух-вода во пет определени јавни згради во урбаното подрачје во временската рамка на проектот.
- ✓ Да се формира „ЕЛРАД Енерџи-Радовиш“, иновативна компанија за управување со енергија од ОИЕ, во периодот на имплементација на проектот.
- ✓ Да се промовира усвоениот иновативен модел за греење преку активно ангажирање и мобилизирање на локалните заедници, засегнатите страни и жителите, за да се олесни споделувањето знаење, заедничките иницијативи и кампањите за подигање на јавната свест, да се поттикне широкото усвојување на енергетски ефикасни практики, негување одржлива енергетска култура во рамките на заедницата и создавање трајно позитивно влијание врз локалната еколошка одржливост.

***Кластери на активности*** во кои е организирана имплементацијата на проектот:

- Анализа и планирање: изготвување релевантни анализи и програми, притоа обезбедувајќи транспарентност, видливост и севкупен успех преку формирање на група на клучни чинители.
- Набавка и инсталација на опрема во пет јавни згради во Радовиш: детската градинка „Ацо Караманов“ - објект „Цветови“, општинското основно училиште „Крсте Петков Мисирков“, средното општинско училиште „Коста Сусинов“, општинската административна зграда и спортската сала. „25 мај“.
- Развој на бизнис модел: основање на поседна компанија за управување со енергија „ЕЛРАД Енерџи-Радовиш“, одговорна за следење на користењето на енергијата, идентификување трендови и

предлагање стратегии за оптимизација за новите системи; развој и усовршување на новиот бизнис модел на ELRAD; ангажман на засегнатите страни и мобилизација на граѓаните.

- Свест и промоција: промотивни материјали за подигање на јавната свест на што поширока публика; трансфер на знаење и решенија за најдобри практики преку примери од земјите-членки на ЕУ; и организација на завршна национална конференција

***Очекувани резултати се:***

- Нов енергетски ефикасен систем за греење базиран на ОИЕ во пет јавни згради.
- Формирање на иновативна компанија за управување со енергија од ОИЕ, „ЕЛРАД Енерџи-Радовиш.
- Општинска програма за енергетска ефикасност и опсег на влијателна промоција.

**Времетраење на проектот**: 15 јануари 2022 – 14 мај 2025

**Донатор**: Европска Унија

***Партнери на проектот:***

- Центар за промоција на земјоделски практики и рурален развој - ЦеПроСАРД;
- Општина Радовиш;
- Јавно претпријатие (ЈП) Плаваја;
- Придружен партнер Белишче, Хрватска

***Клучни постигнувања во изминатиот период***

На почетокот на 2023 година се реализираа активности за подобрување на енергетската ефикасност на дел од општинските објекти во Радовиш опфатени со проектот за поставување нов систем за греење кој користи ОИЕ. Со мерките беше опфатен клонот *Цветови* на детската градинка „Ацо Караманов“, каде се постави нова ЕЕ фасада, како и спортската сала во средното училиште „Коста Сусинов“ каде при реконструкцијата беше изработен нов под со подобри енергетски карактеристики.

Во периодот април – мај 2023, тимот на проектот организираше два значајни настани за унапредување на учеството на локалните чинители во носењето одлуки и следење на имплементацијата на активностите кои ги спроведува општината, како и за зајакнување на нивните капацитети преку презентација на слични проекти од земји членки на ЕУ:

- На 26.04.2023 се одржа првиот состанок на Локалната група на засегнати чинители (ЛГЗЧ) на проектот, каде беа претставени планираните проектни активности. Истакнувајќи ги придобивкитое од ОИЕ, претставниците на општината ги презентираа идните чекори за централно и дигитализирано управување со новата услуга за греење и воопшто за планот за одржлива иднина на општината;
- Во периодот 25-27 мај 2023 година во Радовиш се одржа и обуката „Трансфер на знаења,, искуства и добри практики“ на која претставници од градот Белишче – Хрватска, на присутните претставници од релевантните локални институции им ги презентираа своите искуства поврзани со управувањето на комуналната услуга за греење базирана на ОИЕ. Презентациите ги опфатија темите „Белишче – енергетски независен град“, проектот за изградба на еко топлана во Белишче, проектот за рекоснтрукција на јавното осветлување во Белишче по ЕСКО моделот, инсталација на соларни електрани на згради во сопственост на градот, СЕКАП (SECAP) и др.

Врз основа на резултатите и препораките од Анализата за употреба на високо ефикасни алтернативни системи за греење кои користат ОИЕ за петте јавни објекти во Радовиш, која беше изработена во рамки на проектот во 2022 година, проектниот тим пристапи кон изработка на предлог за амандман на проектот Зелена топлина со цел да се овозможи примена на уште посовремено, поефикасно техничко решение за греење кое користи сончева енергија како најдостапен локален извор на енергија, а потребата од снабдување со дополнтелни енергенси ја сведува на минимум. Анализата ги зема предвид и актуелните

случувања во енергетскиот сектор во изминатиот период, а се спроведе со цел да се зголеми независноста во однос на снабдувањето со енергенси потребни за функционирање на системот за греење. На тој начин во вистински смисол се промовира одржливиот локален развој клучен за иднината и благосостојбата на граѓаните. Новопредложеното решение е ориентирано кон потрошувачите и ќе донесе значајни еколошки, економски и социјални придобивки за граѓаните. Со него, на крововите на петте општински објекти се предлага поставување фотоволтаици за производство на електрична енергија. Електричната енергија ќе се користи за потребите на новиот систем за греење со топлински пумпи. Значајна предност е и тоа што вишокот произведена електрична енергија, општината, покрај за греење ќе може да ја користи и за други потреби во согласност со најновата законската регулатива и политиките за унапредување на енергетиката и одржливиот развој.

## Промоција на проектните активности:

Овој проект поради својата иновативност е од особено значење за земјата и за регионот. Информации за активностите редовно се споделуваат од проектните партнери преку нивните веб страни, социјални мрежи, електронскиот билтен на ЦеПроСАРД и сл. Проектот беше презентиран и на повеќе настани од национален и меѓународен карактер, како на пр. тематската дебата „Енергетската криза во Европа – што македонските општини можат и треба да направат“ во рамки на 20-от Заеднички консултативен комитет КоР – Македонија, одржана во Скопје во ноември 2022 година како и „Економско дипломатскиот караван“ во март 2023 год. во Радовиш, на кој присуствуваа дипломати и економски претставници од 17 земји.

Проектот е ко-финансиран од Европската Унија, од програмата IPA „EU for Municipalities" која има за цел пилотирање на иновативни решенија за локалните проблеми во општините, истовремено зајакнувајќи го нивниот капацитет да се справат со нивните надлежности, да ги користат и приспособат најдобрите практични решенија од локалните власти во земјите-членки на ЕУ, како и да ја подобруват вклученоста на локалните чинители во решавањето на проблемите.



***Слика 15*** *– Мерки за подобрување на ЕЕ на клонот „Цветови“ - детска градинка „Ацо Караманов“ во Радовиш*



***Слика 16*** *– Мерки за подобрување на ЕЕ - спортската сала во средното училиште „Коста Сусинов“ во Радовиш*



***Слика 17*** *– Прв состанок на Локалната група на засегнати чинители во Радовиш*



***Слика 18*** *–Трансфер на знаења,, искуства и добри практики со претставници од градот Белишче – Хрватска*

## Проект: „Зелена енергија - Поттикнување на социјалното претприемништво преку формирање пилот енергетски задруги во прекуграничниот регион“

### ***Опис на проектот:***

Општа цел на проектот е да се зајакнат добрососедските односи и соработката во секторот на зелена енергија за развој на социјално претприемништво преку основање на енергетски задруги во прекуграничниот регион.

### ***Специфична цел:***

- ✓ Подигнување на капацитетите и знаењето, како и создавање на нови можности за вработување преку основање на енергетски задруги во прекуграничниот регион.

Специфичната цел ќе се постигне преку спроведување на одржливи пристапи за зголемување на капацитетите и знаењето на соодветната целна група и крајни корисници преку обуки по мерка, работилници и споделување на искуства и најдобри практики од европските земји, како и примена на иновативни пристапи за основање на нови енергетски задруги во прекуграничниот регион и создавање на нови работни места за млади и долготрајно невработени лица.

Целните групи и крајни корисници се органите за локална самоуправа, национални и регионални претпријатија, граѓанскиот сектор, корисниците на општинските згради (училишта) и локалното население.

Имплементацијата на проектот е организирана во следните **кластери на активности**:

- АК1 Преглед на меѓусекторските капацитети и интересите за соработка во формирање на енергетски задруги и развој на социјално претприемништво
- АК2 Креирање нов модел на соработка (енергетска задруга) за развој на социјално претприемништво преку поставување на пилот проект за производство на енергија базирана на ОИЕ и ЕЕ
- АК3 Споделување на искуство од ЕУ – Зголемување на знаењето и капацитетите на граѓанските организации, бизнис секторот и локалните власти преку трансфер на знаење и најдобри практики од ЕУ
- АК4 Промотивни активности за подигнување на јавната свест за социјално претприемништво преку енергетски задруги

### ***Очекувани резултати се:***

- Идентификувани меѓусекторски капацитети и интерес за соработка во формирање на енергетски задруги и развој на социјално претприемништво, со добиени препораки;
- Креирани нови модели на соработка (енергетски задруги) и нови вработувања;
- Зголемено знаење и капацитети на граѓанските организации, бизнис секторот и локалните власти и пренесено знаење, искуство и најдобри практики на ЕУ;
- Подигната јавна свест за развој на социјално претприемништво преку креирање на нов модел на соработка - енергетски задруги

Времетраење на проектот: 17 јуни 2023 – 16 октомври 2024

Проектот е ко-финансиран од Европската Унија, претставувана од Министерство за Финансии на Република Србија, сектор за договори и финансирање на програми од средства на Европската Унија.

### ***Партнери на проектот:***

- Општина Медвеѓа, Република Србија
- Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој - ЦеПроСАРД;
- Општина Бутел, Република Северна Македонија

## ***Промоција на проектните активности:***

Во јуни 2023 започнавме со активностите на проектот „Зелена енергија - Поттикнување на социјалното претприемништво преку формирање пилот енергетски задруги во прекуграничниот регион“. Првите месеци од имплементација на проектот беа наменети за подготовка на целокупните дигитални и печатени материјали за видливост на проектот и промоција на активностите што следуваат.

Есента 2023 година беше изработен стратешки документ „Анализа на пазарот“ - преглед на моменталната состојба и потребите за соработка и производство на енергија од обновливи извори (енергија базирана на ОИЕ) во прекуграничниот регион. Документот е изработен земајки ги предвид постоечката состојба и контекстот на енергетскиот сектор на Република Србија и Република Северна Македонија, како и анализа на правната рамка, стратегии и програми за имплементација на енергетските политики во двете земји. Во него се презентирани можностите и моделите за основање енергетски задруги во општините Бутел и Медвеѓа, како и потенцијалите за инвестиции во општините и недостатоците во однос на стратешки развојни документи од областа на енергетскиот сектор - како и програми за ЕЕ, акциони програми за ЕЕ и ОИЕ и слични документи. Докуменот содржи и препораки кои се однесуваат на зајакнување на институционалните капацитети на општините.

Во декември 2023 во општинската сала во општина Медвеѓа, Србија, се одржа Информативнен Настан во рамки на проектот каде свое обраќање имаа градоначалникот на општина Општина Бутел - г-дин Дарко Костовски, претседателот на привремениот орган на Општина Медвеѓа - г-дин Драган Кулич и проектниот менаџер на проектот Зелена Енергија - Теа Тевева, кои го промовираа проектот, ја истакнаа значајноста на заедничката соработка и развојот на прекуграничниот регион преку спроведување на одржливи пристапи за зголемување на капацитетите и знаењето на соодветната целна група и крајни корисници преку обуки по мерка, работилници и споделување на искуства и најдобри практики од европските земји, како и примена на иновативни пристапи за основање на нови енергетски задруги во прекуграничниот регион и создавање на нови работни места за млади и долготрајно невработени лица. Присутните се запознаа и со целите и активностите на проектот, како и очекуваните резултати кон кои проектниот тим работи до октомври 2024 година.

На 22.12.2023 година во Општина Медвеѓа се одржа Тркалезна Маса - Мапирање на ентитети, нивното искуство, капацитети и размена на искуство и идентификување на интерес за соработка за воспоставување на енергетски задруги. На тркалезната маса, присутните гости, преку презентација, интерактивна дискусија и заедничка работа со г-дин Јосип Бебер од Зелена Енергетска Задруга, Хрватска опфатија тематики како релацијата на локалната самоуправа и енергетски општества/енергетски задруги, како и фундаменталните концепти на политики за премин од статус кво кон првите енергетски задруги во прекуграничнот регион и успешни практики од регионот.





***Слика 19 и 20*** *– Информативен Настан во општина Медвеѓа*






***Слика 21 и 22*** *– Тркалезна маса - Мапирање на ентитети, нивното искуство, капацитети и размена на искуство и идентификување на интерес за соработка за воспоставување на енергетски задруги во општина Медвеџа*

### 4.3.2 Одделение за енергетска ефикасност

## Проект: „Енергетска ефикасна изградба и реновирање во Западен Балкан“

***Опис на проектот***

RECONOMY е инклузивна и зелена програма за економски развој на Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (Сида), имплементирана од HELVETAS Swiss Intercooperation во партнерство со Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој – ЦеПроСАРД и други во Источното партнерство и земјите од Западен Балкан.

***Главната цел*** на програмата RECONOMY:

- да им се овозможи на жените и младите, вклучително и најзагрозените и најневклучените групи, да имаат корист од економските можности преку зголемување на нивниот приход и преземање пристојно/зелено вработување/самовработување. Програмата RECONOMY има четиригодишна главна фаза, која за Западен Балкан започна во април 2023 година и ќе трае до крајот на декември 2026 година.

***Влијанието*** на програмата RECONOMY е создавање на подобри приходи и пристојни/зелени работни места, вклучувајќи ги најзагрозените и најранливите групи, инклузивно и одржливо како резултат на:

- Подобрена стручност на работната сила, или за вработување во претпријатијата од приватниот сектор (вработување) или за започнување на нивни економски иницијативи (самовработување);
- Релевантни и квалитетни деловни и технолошки услуги за зголемени инвестиции и раст на претпријатијата од приватниот сектор; и
- овозможување на опкружување за претпријатијата од приватниот сектор, подобрена индустрија или одредена фирма, да прават бизнис на подобар начин и да ја зголемат нивната ефикасност преку искористување на можностите за зелена и дигитална трансформација.

***Фокусот*** е на промовирање и зајакнување на регионално додавање економска вредност на градежниот сектор со фокус на производите за енергетска ефикасност во градежништвото и вештините за реновирање на зградите во кои ќе се спроведуваат активностите на партнерот имплементатор во следните земји од Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Република С. Македонија и Србија.

***Обликување на одржлива иднина: улогата на Советите за зелена градба***

Секторот за станбена градба на Западен Балкан зафаќа помеѓу 30% и 60% од целата крајна национална потрошувачка на енергија, во споредба со приближно 40% во ЕУ. Градежниот сектор може да одигра значајна улога во намалувањето на потрошувачката на енергија и значително намалување на трошоците за енергија, вода и климатизација, како и подобрување на животната средина. Токму овие фактори ја поттикнаа популарноста на зелената архитектура, зелените вештини, зелените градби и градежништвото. Ова е местото каде што Советите за зелена градба играат клучна улога во промовирањето на оддржливи градежни практики и можат значително да влијаат на секторот за градежништво и реновирање.

***Совет за зелена градба (СЗГ)*** е организација посветена на унапредување на одржливите градежни практики и минимизирање на еколошкиот отпечаток на изградените објекти. СЗГ првенствено се концентрира на воспоставување и дистрибуција на упатства за проектирање, изградба и одржување на еколошки градби, нудејќи едукативни материјали и поддршка за интегрирање на овие стандарди. Дополнително, се ангажира во напорите за застапување насочени кон влијание врз реформите на политиките кои придонесуваат за одржливи градежни практики, често соработувајќи со владини тела, индустриски здруженија и различни засегнати страни за да поттикнат широко усвојување на стандардите за зелена градба.

***Целите на СЗГ*** се различни, но вообичаено вклучуваат намалување на потрошувачката на енергија и вода, минимизирање на создавање отпад и загадување и подобрување на квалитетот на воздухот во внатрешните простории. Дополнително, СЗГ имаат за цел да го популаризираат користењето на одржливите материјали и ресурси и да промовираат зелено проектирање и градежни практики. Ова може да се постигне преку развој и примена на практики за одржливо градење, како и со напори за едукација и информирање. Советите за зелена градба нудат различни образовни иницијативи, можности за вмрежување и техничка поддршка на организациите кои сакаат да применат техники за одржливо градење. Советите за зелена градба, исто така, обезбедуваат иницијативи за сертификација како што е LEED (Лидерство во енергетиката и дизајнот на животната средина), којшто потврдува дека градбите ги исполнуваат критериумите за зелена животна средина.

Зошто ни треба да формираме национални Совети за зелена градба во: С. Македонија, Албанија, Косово и Црна Гора?

Со формирањето на национални Совети за зелена градба се обезбедува холистички пристап кон одржливоста, со што се обезбедува кај сите нови и реконструирани стари згради, изградени со користење на стандарди за одржливост, намалување на потрошувачката на енергија, елиминирање на влијанието на зградите врз животната средина и минимизирање на јаглеродниот отпечаток.

**Траење на проектот:** 01.08.2023 – 31.12.2026 (41 месец).

**Проектот е финансиран од:**

Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (Sida) во партнерство со HELVETAS Swiss Intercooperation за спроведување на програмата RECONOMY.

## 4.4 ЖИВОТНА СРЕДИНА
## Консултантски активности

### Локален Еколошки Акционен План за потребите на Општина Ѓорче Петров

Претставник од ЗГ ЦеПроСАРД учествуваше на јавната консултација за отпочнување со изработка на ЛЕАП, која се оддржа во Домот на културата во Општина Ѓорче Петров, на ден 15.05.2023 година со почеток во 11:00 часот. По образложената законската обврска и важноста за изработка на ЛЕАП-от од страна на градоначалникот на општина Ѓорче Петров, г-дин Александар Стојкоски, г-ѓа Сања Трпковска, дипломиран

правник по меѓународно право и меѓународни односи, како координаторот за изработка на ЛЕАП назначена од ЗГ ЦеПроСАРД, ја претстави организацијата и нејзините активности, како и Методологијата за изработка на ЛЕАП-от за општината. Во ги објасни предвидените рокови и временската рамка за подготовка на овој стратешки плански документ. Бидејќи активноста се спроведува во рамките на проектот „Пилот интервенции за третман на отпадни води и управување со цврст отпад во прекуграничен регион", со Општина Ново Брдо од Косово, проектниот менаџер г-дин Горјан Петровски ги презентираше досегашните и идни активности планирани за успешна имплементација на проектот. Предвидената изработка на ЛЕАП-от е во согласност со националната законска регулатива и со Нацрт Планот и временската рамка за имплементацијата на планираната проектна активност за изготвување на ЛЕАП.

На 22.06.2023 година во просториите на општина Ѓорче Петров ја реализиравме првата работилница на која тимот на ЗГ ЦеПроСАРД ги презентираше резултатите од спроведената анкета за испитување на јавното мислење на граѓаните од општина Ѓорче Петров поврзани со проблемите од областа на животната средина. ЦеПроСАРД заедно со членовите номинирани во работните групи, ги дефинираа првите предлози на приоритетните активности за подобрување на состојбите со медиумите почва и воздух на територијата на општината. Во просториите на општината на 29.06.2023 година се одржаа работилници за биодиверзитет и управување со отпад, додека на 11.07.2023 година се реализираше работилницата за управување со водите, на која уесниците ги дефинираа предлог приоритетните активности за подобрување на состојбите со медиумот ВОДА на територијата на општината. За секоја општина особено е важно да има Локален Еколошки Акциски План со цел соодветно справување со предизвиците што ги носи деградацијата на животната средина и климатските промени. Основната цел на овој документ е да се креира повеќегодишна стратегија и политики за заштита и унапредување на животната средина и природата.

На 27.11.2023 година Советот на Општина Ѓорче Петров ја изгласа ЛЕАП СТРАТЕГИЈАТА изработена од страна на ЗГ ЦеПроСАРД Скопје.








***Слика 23 – 26*** *– Работилници за медиуми вода, воздух, почва, природа и биодивезитет и отпад, одржани во просториите на општина Ѓоре Петров*

## 4.5 ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ
## Консултантска активност

### Соработка со бизнис секторот од источниот плански регион, преку обуки за комуникациски вештини

Тимот на ЦеПроСАРД воспостави комуникација и потпиша договор за соработка и консултантски услуги со Силген Ресурсис Интернешнл ДОО од Кратово со локална канцеларија и во Пробиштип, со кој се воспостави успешна соработка за јакнење на капацитетите за внатрешна и надворешна комуникација на организациониот тим, преку обуки и изработка на Стратегија за комуникација. Поминавме со обуки за вработените, одржани од страна на експерти за комуникација за спроведување на активности и квалитетно информирање на јавноста за работниот процес. Комуникацијата со граѓаните е важен фактор за успешност на еден проект кој се спроведува од јавниот и приватниот сектор, а има социо-економско влијание и влијание врз животната средина на локалната заедница. Нашиот тим има клучна улога во настојувањето да се воспостави правилна комуникација со сите засегнати чинители во областа за заштитата на животната средина.






***Слика 27*** *- Обука во просториите на „Силген Рсурсис Интернешнл" ДОО Пробиштип*

# 5. КОМУНИКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ

Информациите за активностите и проектите ЦеПроСАРД ги објавува редовно на својата веб страна www.ceprosard,org.mk, како и на профилите на социјалните мрежи www.facebook.com/CeProSARD/, https://www.linkedin.com/company/ceprosard/, https://www.instagram.com/ceprosard.

На крајот на годината беше изработен и официјален youtube канал на ЦеПроСАРД со прикачени 25 видеа изработени како дел од проектите на здружението www.youtube.com/@CeProSARD-Skopje.

Организацијата издава и електронски билтен на квартално ниво, кој се дистрибуира електронски на голем број корисници. Сите броеви на електронскиот билтен се достапни и на веб страната на организацијата, исто како и сите документи, публикации и промотивни материјали кои се изработуваат во рамки на тековните активности.

Во зависност од потребите, информации се објавуваат и во печатените и во електронските медиуми, како и на веб-страниците на други домашни и меѓународни организации, владини институции, невладини органицации и сл.

Информации за активностите и проектите на ЦеПроСАРД објавуваа голем број медиуми со што се постигнуваше исклучително висока информираност на целните групи и крајните корисници.

Освен националните и локалните телевизии, радијата, печатените и електронските медиуми, информации беа објавувани и на веб страните на институциите, социјалните мрежи на партнерските организации и соработниците, а истите во најголем број случаи беа споделувани и од останати корисници.

Дел од овие информациите се презентирани на следните фотографии:




***Слика 28*** *- Состанок во Министерство за труд и социјална политика*



***Слика 29*** *-Отворање на мал групен дом во Велес*



***Слика 30*** *-Промотивен настан по проектот Зелена топлина*



***Слика 31*** *- Теренски активности - мониторинг посети на регрантирани организации*

# 6. ОБУКИ И УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Во 2023 година, тимот на ЦеПроСАРД работеше на сопственото зајакнување на капацитетите со тоа што вработените активно учествуваа на обуки:

- Дводневна обука на тема заштита на лични податоци во рамки на проектот „Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење инклузивен дигитален екосистем “, поддржан од Европската Унија, кој се оддржа во Јавна Соба Скопје од 01.02-02.02.2023 година во организација на Фондацијата Метаморфозис Скопје.
- Дводневна обука за Управување со Проектен Циклус за потенцијални апликанти на ИПА Програмата за прекугранична соработка Косово - Северна Македонија за 5-тиот Повик за предлог проекти. Обуката се одржа во просториите на Хотел Александар Палас во Скопје, Северна Македонија, на 15ти и 16ти февруари 2023.
- Состанокот за консултации на Граѓанските организации за даночниот третман на ГО организиран на 28 февруари 2023 година во Хотел Панорамика Скопје, имплементиран од конзорциум предводен од СРМ за Проектот на Европската Унија „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“.
- Онлајн работилница на 07.03.2023 година, на платформата на ZOOM, во рамките на ЕУ проектот: „Техничка и интегрирана заштита на личните податоци – градење на инклузивен дигитален екосистем“, организиран од Конект и Метаморфозис, а со цел градење на капацитетите на клучните чинители и јакнење на свеста за важноста на овие теми.
- Консултации за Нацрт-извештајот за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 за 2023 година организиран од Граѓанскиот ресурсен центар и Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат на Владата во периодот од 14 до 16 март оваа година во Скопје, Гостивар и Штип.
- Учество на дводневна обука „Заедно за климатска акција” за потребите на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени” која беше спроведена од Македонско здружение на млади правници/Macedonian Young Lawyers Association, Eko-svest и CNVP Foundation, а поддржана од страна на Embassy of Sweden in Skopje, за зајакнување на еколошките граѓански организации. Обуките се одржаа во периодот од 17-19 Март 2023 год. во Берово и од 05-07 Мај 2023 год. во Крушево.
- Онлајн обуки на теми поврзани со Зелениот климатски фонд кои се спроведуваа во периодот 28 февруари – 23 март 2023, преку платформата ZOOM. Обуките беа во рамки на вториот подготвителен проект на Република Северна Македонија од Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка на Зелениот климатски фонд „Зајакнување на националните капацитети за ублажување и адаптација кон климатските промени и финализирање на Работната програма за Зелениот климатски фонд на Република Северна Македонија’’ – спроведуван од ФАО под водство на Националниот назначен орган за Зелениот климатски фонд.
- Дел од тимот на ЦеПроСАРД на 05-06 Мај 2023 година посети дводневна обука во хотел Гранит, Охрид, организиран од страна на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП). На обуката беа разработени следните теми: Основни начела во планирањето на локално ниво и улогата на општините и регионите; развојно планирање и врската помеѓу планирањето, проектите и изворите на финансирање за нивна реализација; примена на методолошки прирачник за подготовка на Интегрирани локални развојни планови.
- Тимот на ЦеПроСАРД исто така зема учество и на тродневната обука која се спроведе во Хотел Монтана Крушево во период од 05-07 мај 2023 година, на тема еколошко право и климатски промени, организирана од страна на Младинско Здружение Млади Правници, по проект „Заедно

за климатска акција” поддржана од страна на Шведската Амбасада во Скопје, за зајакнување на еколошките граѓански организации.

- Во рамки на проектот „Зелена топлина“ кој ЦеПроСАРД го спроведува во партнерство со општина Радовиш, во периодот од 25 – 27 мај во просториите на локалната самоуправа се одржа обуката „ТРАНСФЕР НА ЗНАЕЊА, ИСКУСТВА И ДОБРИ ПРАКТИКИ“. На оваа обука, претставниците на градот Белишче кој е придружен партнер во проектот Зелена топлина – Г-ѓа Љерка Вучковиќ (заменик градоначалник), Романо Клајнсчек и Игор Палох, ги презентираа своите искуства од управувањето на комуналната услуга за греење со користење на обновливи извори на енергија.

- Дводневни обуки на 02 и 03 јуни 2023 како дел од Националната Платформа за женско претприемништво наменети за зајакнување на капацитетите на претставници од граѓански организации за застапување и политики. Модулите беа наменети кон придонес за анализа на јавни документи неопходни во процесот на застапување и креирање на јавни политики, изработка конкретен концепт и акциски план за водење на процес на истражување засновано на факти, а во насока на застапување и креирање на политики во функција на поддржување на женското претприемништво, како и избирање соодветни алатки и методи за водење на истражување засновано на факти, како и организирање на настани и интернет активизам. Нашите претставници ги зајакнаа капацитетите во рамки на јакнење на организацискиот менаџмент во рамките на организацијата, изработка на акциски план за вмрежување и креирање на политики во функција на поддржување на женското претприемништво, како и избор на соодветни алатки и методи за ефективно организирање на настани и секојдневните активности за потребите на организацијата и пошироко.

- На ден 30.08.2023 година претставник од ЗГ ЦеПроСАРД учествуваше во Панел дискусијата со цел презентација на „Прирачник за разбирање и постапување со енергетска сиромаштија во Македонија” која се одржа во Хотел Холидеј Ин во Скопје, организирана од страна на АНАЛИТИКА. Таа потенцираше дека енергетската ефикасност влијае за намалување на енергетска сиромаштија, но истата не е доволна сама по себе. Мора да имаме енергетско ефикасни домови, но сиромашните луѓе тоа не можат да си го дозволат. Понудените мерки во облик на субвенции не се доволни за справување со овој проблем, посебно заради фактот што секогаш сиромашните граѓани заостануваат при ефикасно користење на овие мерки.

- На 19.09.2023 година претставник од CeProSARD учествуваше на настанот реализиран во рамки на проектот „Excite - Стандарди за одличност, инвестирај во доверба - сервиси за енергетски менаџмент прилагодени на локалните власти во Источна Европа“ во општината, во соработка со Хабитат Македонија и Општина Карпош.

- Во рамките на проектот „Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот – Не оставај никој зад себе” ЗГ ЦеПроСАРД одржа онлајн обуки по мерка. Обуките се одржуваа во повеќе делови за областите: Енергетската Ефикасност и Обновливи извори на енергија како и Заштита на животната средина. На овие обуки по мерка, покрај предвидената теоретска содржина, беа дискутирани и практични проблеми од вистинскиот живот. Учесниците на обуките се здобија со сертификати за стекнатото знаење. Додадена вредност на овие обуки беше и проширувањето на мрежата од социјални претпријатија, институции и други чинители.

- Претставник од ЗГ ЦеПроСАРД Скопје г-ѓа Сања Трпковска Дипломиран Правник по Меѓународно право и меѓународни односи учествуваше на 10-та Меѓународна научна конференција „Општествени промени во глобалниот свет“, што се одржа на 28 и 29 септември 2023 година на правниот Факултет „Гоце Делчев” во Штип. Таа го презентираше својот научно истражувачки труд на тема, Зајакнување на пристапот до правни услуги за постарите возрасни лица во македонија преку паметни телефони”.

- Секретаријатот на Енергетската заедница го организираше Форумот за праведна транзиција на Енергетската заедница на 4-ти октомври во Скопје. Овој важен собир насочен кон решавање на клучните мерки за одржлива и правична енергетска транзиција привлече околу 200 учесници

поттикна значајни дискусии, можности за вмрежување и размена на знаења меѓу засегнатите страни од различни сектори. Настанот претставуваже одлична можност да се навлезе во критичните теми од суштинско значење за обезбедување правична енергетска транзиција, вклучително и планирање на политиките, социо-економски предизвици во заедниците зависни од јаглен, механизми за финансиска поддршка и позитивните влијанија врз квалитетот на воздухот и социјалната еднаквост што произлегуваат од правичната транзиција.

- Во период од 30.10.2023-03.11.2023 година, дел од нашиот тим учествуваше на обука која ја спроведуваше Хелветас, за развој на пазарни системи (МСД) со учесници од земјите од Источното партнерство и од регионите на Западен Балкан. Целта на оваа обука беше подготовка на учесниците со алатки и знаење како да ги катализираат одржливите и скалабилни влијанија за ранливите заедници. Со оваа обука на дел од нашиот тим, го отвораме патот за поинклузивни и поотпорни заедници во овие региони.
- На 10.11.2023, проектниот менаџер на проектот „Поддршка на Социјалните Претпријатија следејќи го принципот - Не оставај никој зад себе" учествуваше на јавната дискусија по предлог Законот за социјални претпријатија. Под надлежност на Министерството за труд и социјална работа, ќе се изготви и Програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија.
- На 13.11.2023 Претставници на ЗГ ЦеПроСАРД учествуваа на тркалезна маса на тема „Унапредување на еколошката правда – Состојби, предизвици и перспективи". Настанот беше одржан во организација на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во рамки на проектот „Унапредување на еколошката правда во Северна Македонија „финансиран од Глобалната програма на УНДП за зајакнување на владеењето на правото, човековите права, правдата и безбедноста за одржлив мир и развој. Беа презентирани и дискутирани предлог стратешките области во рамките на Националната развојна стратегија: „Добро владеење и владеење на правото" и „Зелена трансформација" со осврт на моменталната состојба, стратешките цели и приоритети за следните 20 години како и на еколошката правда.
- Учество на тимот на CeProSARD на втората работилница за размена на искуства во рамки на проектот ComAct project за намалување на енергетската сиромаштија во стамбени згради одржана од Habitat for Humanity во Хотел Александар Палас Скопје на ден 16.11.2023 година.
- ЦеПроСАРД со свои претставници на терен, во поддршка на проектот „Градиме ЕКО навики" кој се имплементира на територија на три општини во Град Скопје - Карпош, Кисела Вода и Аеродром во имплементација на REDI North Macedonia. Со активностите работиме кон подигнување на јавната свест за значењето на циркуларната економија и важноста за правилно рециклирање и заштита на животната средина.





***Слика 32 и 33** – Учество на обуки за усовршувања на тимот на ЦеПроСАРД*




***Слика 34 - 37*** *– Учество на промотивни настани и обуки за усовршувања на тимот на ЦеПроСАРД*

# 7. ВМРЕЖУВАЊЕ

**Вмрежување на локално и на меѓународно ниво**

- Мрежа за рурален развој на Република Македонија (МРР)– основач и член
- Здружение на лиценцирани енергетски контролори (ЗЛЕК) – основач и член
- Отворено владино партнерство (ОВП) - член
- Forum Synergies – член
- Natura 2000 Coalition - член
- ARC 2020 – член
- Заедничка иницијатива на 17 ГО за соработка и партнерство со националните и локалните власти во полето на животната средина и климатските промени – член

# 8. ПАРТНЕРСТВА И СОРАБОТКА

ЦеПроСАРД континуирано работи на проширување на својата мрежа на соработници во областите во кои работи на локално, регионално и меѓународно ниво. Нашите партнери доаѓаат од различни сектори: НВО, биснис заедницата, различни образовни и научни организации, владини институции, но исто така вклучуваат и индивидуалци. Нашата цел е да го зголемиме влијанието кон позитивни реформи во областа на нашето делување – одржлив развој со фокус на заштитата на животната средина, локалниот развој, климатските промени и енергијата, притоа не оставајќи никој зад себе.

Организацијата става посебен акцент на социјалната инклузија и претприемништвото кои се тематски линк во сите наши активности. Во изминатата година ја зајакнавме соработката со регионалните центри – Центрите за развој на Пелагонискиот плански регион, Вардарскиот плански регион и Скопскиот плански регион; единиците на локална самоуправа – општините Радовиш, Ѓорче Петров, Карпош, Шуто Оризари, Бутел, Петровец, општина Медвеѓа од Србија , општина Мамуша – Косово. Продолжуваме да ја јакнеме и соработката со повеќе национални институции релевантни за нашата работа, како на пример Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Агенцијата за енергетика и други.

## Тимот на ЦеПроСАРД - дел од жири комисијата на Кампот за иновации

Претставник од тимот беше дел од жири комисијата на натпреварот на Кампот на иновации. Комисијата имаше голем предизвик да ги одбере најдобрите и најиновативните бизнис идеи. Кампот на иновации беше дводневен настан во кој учениците работеа во тимови за да најдат решение на поставениот бизнис предизвик. Тие со помош на бизнис волонтер одговараа на предизвикот и притоа применуваа претприемачки вештини како што се тимска работа, учеа како да напишат бизнис план и како да ги развиваат своите презентациски вештини. Настанот опфати 35-40 средношколци од прва до четврта година, кои се натпреваруваа од 6-ти до 7-ми декември, во СУГЦ Лазар Танев и го искористија своето знаење за да одговорат на поставената задача, применувајќи претприемнички вештини за тимска работа за да најдат иновативни решенија.





***Слика 38 и 39*** *- Тимот на ЦеПроСАРД, дел од жири комисијата на Кампот за иновации во СУГС Лазар Танев во Скопје*

# 9. ФИНАНСИИ И АДМИНИСТРАЦИЈА

Секторот за финансии и администрација на ЦеПроСАРД се состои од 2 одделенија: Одделение за административни работи и човечки ресурси и Одделение за финансиско управување.

## 9.1 АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Одделението за административни работи и човечки ресурси во текот на 2023 година совесно и со сопствени ресурси ги реализираше трите основни фуккции:

а) ги вршеше административните работи и архивското и канцелариско работење,

б) ги следеше јавните набавки и

в) го развиваше и одржуваше информатичкиот систем.

## 9.2 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ

Одделението за финансиски работи продолжи да работи со подеднаква посвееност како и во предходните години. Одделот освен што го подготвува и следи годишниот буџетот на здружението, учествуваше и во подготовка на проектни апликации како и во изработка на буџети во рамки на проектните апликации.

### БИЛАНС НА СОСТОЈБА ВО 2023 ГОДИНА

| | **ИЗНОС** (МКД) |
|---|---|
| **АКТИВА (СРЕДСТВА)** | |
| АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА | |
| нематеријални | -- |
| материјални | 965.737,00 |
| – опрема | 965.737,00 |
| ВКУПНИ ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА | 965.737,00 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА, КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА И АКТИВНИ ПРЕРСМЕТКОВНИ СМЕТКИ | 12.025.143,00 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА | 4.191.718,00 |
| – жиро сметка | 1.406.353,00 |
| – благајна | -- |
| – девизна сметка | 2.785.365,00 |
| КУПУВАЧИ | 2.155.303,00 |
| ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА | 2.000,00 |
| АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 5.654.387,00 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **12.990.880,00** |
| **ПАСИВА (ОБВРСКИ И КАПИТАЛ)** | |
| ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | |
| – деловен фонд | 965.737,00 |
| – ревалоризациона резерва | -- |
| ВКУПНИ ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 965.737,00 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | |
| – добавувачи | 233.820,00 |
| – обврски кон државата | -- |
| – краткорочни финансиски обврски | 5.546.746,00 |
| – други краткорочни обврски | -- |
| – обврски за плати | -- |
| ВКУПНИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 5.780.566,00 |
| ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | |
| – дел од вишокот од приходите пренесени во наредната година | 4.097.428,00 |
| – други пасивни временски разграничувања | 2.147.149,00 |
| ВКУПНО ПАСИВНИ ВРЕМ. РАЗГРАНИЧУВАЊА | 6.244.577,00 |
| РЕЗЕРВЕН ФОНД | -- |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **12.990.880,00** |

## БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ВО 2023 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | ИЗНОС |
|---|---|
| ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ | 571.940,00 |
| ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ, ЧЛЕНАРИНИ И ДР. ИЗВОРИ | 13.284.319,00 |
| ДРУГИ ПРИХОДИ | 2.920.905,00 |
| ВИШОК ПРИХОДИ ОД ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА | 3.754.841,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **20.532.005,00** |
| **РАСХОДИ** | |
| МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 5.098.780,00 |
| ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТИ | 5.232.164,00 |
| ДРУГИ РАСХОДИ | 5.825.198,00 |
| СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА | 49.862,00 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **16.434.577,00** |
| **РАЗЛИКА МЕЃУ ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ** | **4.097.428,00** |

## СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО 2023 ГОДИНА




